„Никој од вас нека не го држи половиот орган со десната рака додека мокри, не ја користете десната рака при чистење по нужда, и немојте да дувате во садот од кој пиете.“

Ебу Катаде, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Никој од вас нека не го држи половиот орган со десната рака додека мокри, не ја користете десната рака при чистење по нужда, и немојте да дувате во садот од кој пиете.“

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, во овој хадис објаснил некои правила од секојдневниот живот, забранувајќи мажот да го држи половиот орган со десната рака додека мокри и да ја користи десната рака за отстранување на нечистотија од малата или големата нужда, бидејќи десната рака е наменета за благородните постапки. Тој исто така, забранил човекот да дува во садот од кој пие.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3079